# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ [1]

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Основни одредби

### Член 1

Со овој закон се уредува задолжителното осигурување на: а) патници во јавен превоз од последици на несреќен случај - незгода; б) сопственици, односно корисници на моторни и приклучни возила; в) патници, багаж и ствари во воздушен сообраќај како и авиопревозниците односно операторите на воздухоплови и г) сопственици, односно корисници на бродови, односно чамци на моторен погон, од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот и други прашања од значење за задолжителното осигурување во сообраќајот.

### Значење на одделни изрази

### Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. “**Брод или чамец на моторен погон**“ е пловен објект со механички двигател дефиниран согласно Законот за внатрешната пловидба;

2. “**Воздухоплов**“ е средство дефинирано согласно со прописите кои ја регулираат воздушната пловидба;

3. “**Моторни и приклучни возила**“ се возила на моторен погон и приклучни возила дефинирани согласно Законот за возила;

4. “**Одговорно друштво за осигурување**“ претставува друштво за осигурување со кое сопственикот на превозното средство со чија употреба е причинета незгодата склучил договор за задолжително осигурување;

5. “**Превозно средство**“ е средство за превоз на патници во јавен сообраќај, моторно и приклучно возило, воздухоплов и брод или чамец на моторен погон;

6. “**Странско моторно возило**“ е моторно возило регистрирано надвор од територијата на Република Северна Македонија;
7. “**Странски воздухоплов**“ е воздухоплов регистриран надвор од територијата на Република Северна Македонија;

8. “**Странски брод, осносно чамец на моторен погон**“ е брод, односно чамец регистриран надвор од територијата на Република Северна Македонија;

9. “**Корисник на осигурување**“ е лице кое има право на надомест од задолжителното осигурување во сообраќајот;

---

1 Неофицијален пречистен текст (Службен весник на РМ бр. 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/2011, 135/2011, 112/14, 145/15, 220/19)

10. “**Оштетено лице**“ е лице кое претрпело штета од употреба на превозно средство;

11. “**Специјални права на влечење (СПВ)**“ се специјални права на влечење (пресметковна вредност) дефинирани од страна на Меѓународниот монетарен фонд, изразени во денарска противвредност на Народната банка на Република Северна Македонија и

12. “**Критски договор**” се однесува на внатрешните одредби усвоени на 26. Генерално собрание на Советот на бироата одржано на 30 и 31 мај 2002 година и кои влегоа во сила на 1 јули 2003 година.

**Договор за задолжително осигурување**
**Член 3**

(1) Сопствениците на превозни средства се должни пред да го пуштат превозното средство во сообраќај да склучат договор за задолжително осигурување со друштво за осигурување кое има дозвола за вршење на работи на задолжително осигурување.

(2) Регистрација на превозно средство, продолжување на регистрација, издавање на пробни таблички, како и издавање на налепница, може да се изврши откако на органот надлежен за регистрација ќе му биде поднесен доказ за склучен договор за задолжително осигурување најмалку за периодот на важност на регистрацијата.

(3) Со договорот за задолжително осигурување е опфатена и одговорноста на сите лица кои со согласност на сопственикот управуваат со превозното средство.

(4) Друштвото за осигурување, кое врши работи на задолжително осигурување, е должно да го склучи договорот за задолжително осигурување согласно со одредбите на овој закон, Условите за осигурување и Тарифите на премии.

**Идентификација на имателот на полисата**
**Член 4**

(1) Лицето кое управува со превозното средство е должно да го има договорот за осигурување (полисата за осигурување) или кој било друг доказ за склучен договор за осигурување при користењето на превозното средство во сообраќајот и е должен истиот да го даде на увид на барање на овластено лице на органот за внатрешни работи кое врши контрола во сообраќајот.

(2) Доколку лицето кое управува со превозното средство не го даде на увид бараниот доказ, овластеното лице од ставот (1) на овој член е должно да го спречи лицето од употреба на превозното средство во сообраќајот и да поднесе прекршочна пријава до надлежниот суд.

(3) Во случај на сообраќајна незгода, лицето кое управува со превозното средство е должно да ги даде на увид личните документи за идентификација и договорот за осигурување (полисата), на сите учесници во сообраќајната незгода.

**Право за поднесување на барање за надомест на штета**
**Член 5**

(1) Оштетеното лице има право да поднесе барање за надомест на штета директно до одговорното друштво за осигурување.
(2) Одговорното друштво за осигурување е должно во рок од 60 дена од приемот на барањето од ставот (1) на овој член до оштетеното лице да достави:
1) образложена понуда за надоместок на штета или
2) образложен одговор на барањето за надоместок на штета.
(3) По приемот на образложената понуда за надоместок на штета од ставот (2) точка 1) на овој член, оштетеното лице потребно е да се произнесе во однос на дадената понуда со писмено известување до друштвото за осигурување во рок од 30 дена.
(4) Доколку оштетеното лице не е согласно со образложената понуда од ставот (2) точка 1) на овој член, со образложениот одговор од ставот (2) точка 2) на овој член или доколку не добие одговор во рокот предвиден во ставот (2) на овој член може да поднесе тужба пред надлежен суд.
(5) Одговорното друштво за осигурување е должно надоместокот на штета од ставот (2) точка 1) на овој член да го исплати во рок од 14 дена од денот на доставувањето на писменото известување до друштвото за осигурување согласно со ставот (3) на овој член. За доцнење во исплатата се пресметува законска камата за задоцнето плаќање согласно со Законот за облигационите односи.
(6) Друштвото за осигурување не може спрема оштетеното лице да истакне приговор што врз основа на законот или договорот за осигурување би можело да го истакне спрема осигуреното лице поради непридржувањето кон законот, условите на осигурување или кон договорот за осигурување.

**Склучување на нов договор за осигурување во случај на одземање на дозволата за вршење работи на осигурување во класите на задолжително осигурување**
**Член 6**

(1) Во случај на одземање на дозволата за вршење работи на осигурување на друштво за осигурување во една или повеќе класи на задолжително осигурување согласно со овој закон, лицето кое има склучено договор за задолжително осигурување со тоа друштво за осигурување е должно со друго друштво за осигурување да склучи договор за задолжително осигурување и тоа до истекот на периодот на осигурување кој преостанува согласно со претходно склучениот договор. Новиот договор лицето е должно да го склучи во рок од 30 дена од денот на објавување на решението за одземање на дозволата во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

(2) Договорите за задолжително осигурување на друштвото за осигурување престануваат на важат, по истекот на 30 дена од денот на објавувањето на решението од ставот (1) на овој член во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

(3) Премијата што се наплаќа за новиот договор се дели пропорционално на временскиот период кој преостанува согласно со првичниот договор.

### Прибирање, чување и користење на лични податоци
### Член 7

(1) Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување се должни да прибираат, обработуваат, чуваат, користат и доставуваат податоци кои се потребни при склучување на договорите за осигурување, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и посебните прописи кои се однесуваат на базата на податоци од обласста на осигурувањето.

(2) Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување можат да ги доставаат податоците од ставот (1) на овој член на странско друштво за осигурување или странско биро за осигурување доколку странско лице било учесник во несреќата.

(3) Друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување соработуваат со органот за внатрешни работи во однос на доставување на податоци битни за склучување на договори за осигурување и решавање на барања за надомест на штета.

### Возила на АРМ
### Член 8

Одредбите на овој закон за задолжителните осигурувања не се однесуваат на превозните средства на Армијата на Република Македонија, освен за превозни средства кои служат за цивилна употреба и секојдневно се во јавниот сообраќај.

### Важност на други закони
### Член 9

За се она што не е уредено со овој закон ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за облигациони и стварно правни односи во воздушниот сообраќај и Законот за супервизија на осигурување.

## II. ОСИГУРУВАЊЕ НА ПАТНИЦИ ВО ЈАВЕН ПРЕВОЗ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ - НЕЗГОДА

### Договор за осигурување на патници во јавен превоз
### Член 10

(1) Сопствениците, односно корисниците на превозни средства регистрирани за превоз на патници во јавниот сообраќај се должни со друштво за осигурување да склучат договор за осигурување на патниците од последици на несреќен случај-незгода.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член се должни да го склучат сопствениците на:

1) автобуси со кои се врши јавен превоз во општинскиот, меѓуопштинскиот и во меѓународниот линиски и вонлиниски сообраќај;
2) патнички моторни возила за авто-такси превоз на патници и рент-а-кар возила кога се изнајмуваат со возач;

3) автобуси што вршат превоз на работници до работа и од работа;
4) шински возила за превоз на патници;
5) сите видови езерски и речни пловила, вклучувајќи ги и скелињата и сплавовите со кои на редовни линии или слободно се превезуваат патници, вклучувајќи и крстарење и превоз на туристи;
6) сите видови рент-а-кар пловила од точката 5 на овој став што се изнајмуваат со најмалку еден член на екипажот;
7) автобуси со кои туристичките претпријатија ги превезуваат туристите и
8) сите други превозни средства без оглед на видот на погонот со кои се врши превоз на патници како регистрирана дејност со наплата на превозот.

(3) Во случај кога сопственикот на превозното средство и корисникот не се исто лице, договорот од ставот (2) на овој член е должен да го склучи корисникот.

**Патници во јавен сообраќај**
**Член 11**

(1) Патници во јавен сообраќај, во смисла на одредбите од овој закон, се лицата кои заради патување се наоѓаат во некое од превозните средства за вршење на јавен превоз, независно дали имаат или немаат возен билет, како и лицата кои се наоѓаат во кругот на станицата, пристаништето, или во непосредна близина на превозното средство пред качувањето, односно по слегувањето, кои имале намера да патуваат со определено превозно средство или со него патувале.

(2) За патници од ставот (1) на овој член се сметаат и лицата кои имаат право на бесплатен превоз или возење.

(3) За патници од ставот (1) на овој член не се сметаат лицата кои работат на извршување на транспортот.

(4) Докажувањето дека некое лице било патник, паѓа на товар на корисникот на осигурувањето.

**Минимални суми на осигурување**
**Член 12**

(1) Минималните суми на осигурување на кои мора да биде договорено осигурување за еден патник во случај на смрт, трајно губење на општата работна способност и преодна неспособност за работа пресметани во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата изнесуваат:

1) 4.500 ЕВРА во случај на смрт;
2) 9.000 ЕВРА во случај на трајно губење на општата работна способност и
3) 2.200 ЕВРА во случај на преодна неспособност за работа и нужни трошоци за лекување.

(2) Обврската на друштвото за осигурување која произлегува од осигурување на патници во јавен превоз не може да биде поголема од минималните суми на осигурување утврдени во ставот (1) од овој член, освен ако со договорот за осигурување не е предвиден повисок износ.

(3) Надоместокот за стварни и нужни трошоци за лекување и изгубена заработувачка се исплаќа независно од исплатената сума на осигурување во случај на трајно губење на општата работна способност.

(4) Со денот на конечното утврдување на трајната, односно преодната неспособност за работа престанува обврската за надоместок за натамошни трошоци за лекување и изгубена заработувачка.

(5) Се надоместуваат само оние трошоци за лекување кои ги сноси патникот.

**Ограничување на обврската на друштвото**
**Член 13**

(1) Доколку патникот, односно корисникот на осигурувањето, претрпел повисока штета од износот на исплатениот надоместок во однос на ова осигурување, истиот има право на надомест на штета од лицето кое ја предизвикало штетата, само за остатокот до висината на претрпената штета.

(2) Патникот, односно корисникот на осигурувањето на кого лицето кое ја предизвикало штетата или одговорното друштво за осигурување му ја надоместило штетата, нема право на надомест на штета во однос на осигурување на патници во јавен превоз од последици на несреќен случај во висина на износот на исплатената штета.

## III. ОСИГУРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

### 1. Договор за осигурување од автомобилска одговорност

**Склучување на договор за осигурување од автомобилска одговорност**
**Член 14**

Сопственикот, односно корисникот на моторно и приклучно возило е должен да склучи договор за осигурување од одговорност за штети што со употреба на моторното возило ќе им ја причини на трети лица поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети (во натамошниот текст: осигурување од автомобилска одговорност) освен од одговорност за штети за предметите што ги примил на превоз.

**Исклучоци од правото на надомест на штета**
**Член 15**

Право на надомест на штета по основ на осигурување од автомобилска одговорност има секое лице освен:

1) лицето кое управувало со моторното возилото со чија употреба е предизвикана незгодата;
2) сопственикот, сосопственикот, договорувачот на осигурувањето и секој друг корисник на возилото кој во моментот на настанување на незгодата не управувал со моторното возило со чија употреба е предизвикана незгодата,

но само за износот на штета поради уништување или оштетување на предмети;
3) лицето кое на нелегален начин присвоило моторно возило, како и соучесникот во нелегално присвојување на моторно возило, со чија употреба е предизвикана незгодата, без разлика дали истото управувало со моторното возило во моментот на настанување на незгодата и
4) лицата кои штетата ја претрпеле како резултат на:
   - употреба на моторно возило во спортски приредби за кои е добиена официјална согласност и на кои е потребно да се постигне максимална брзина и
   - употреба на моторното возило во терористички акт или воени операции дефинирани согласно со Кривичниот закон.

**Право на суброгација**
**Член 16**

(1) Со осигурувањето од автомобилска одговорност се опфатени и штетите предизвикани со употреба на моторно возило од неовластено лице.

(2) За неовластено лице во смисла на ставот (1) од овој член се смета лице кое:

а) управувало со моторно возило без соодветна возачка исправа (вклучувајќи лице кое е на обука за добивање возачка исправа без присуство на овластено лице) или
б) на нелегален начин управувало со моторно возило или лице кое е соучесник во таквиот чин или
в) управувало со моторното возило под дејство на алкохол над дозволеното ниво согласно со закон, наркотички дроги или психотропни супстанции.

(3) Друштвото за осигурување што ќе ја надомести штетата предизвикана со употреба на моторно возило од страна на неовластено лице има право на регрес за исплатениот износ на надомест на штета заедно со камата и трошоци создадени на тој начин од неовластеното лице.

**Обврски спрема правни лица кои вршат работи на здравствено, инвалидско или пензиско осигурување**
**Член 17**

(1) Кога правното лице кое врши работи на здравствено, инвалидско или пензиско осигурување ќе истакне барање за надомест на средства потрошени за лекување и други трошоци за згрижување направени согласно со прописите за здравствено осигурување спрема одговорното друштво за осигурување, одговорното друштво за осигурување е должно во рамките на одговорноста на својот осигуреник да плати надоместок во висината на овие трошоци, односно е должно да плати сразмерен износ на придонесот за инвалидско или пензиско осигурување, освен во случај на штета предизвикана со употреба на неосигурано или непознато моторно возило.

(2) Сразмерниот износ на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се определува во капитализиран износ спрема преостанатото време на работниот стаж и според годината на возраст на физичкото лице потребни за стекнување право на старосна пензија.

**Промена на сопственоста на моторно возило**
**Член 18**

Ако во текот на траењето на осигурувањето се промени сопственикот на моторното возило, правата и обврските од договорот за осигурување преминуваат врз новиот сопственик до истекот на тековниот период на осигурување.

**Промена на регистарските податоци на моторно возило**
**Член 19**

Сопственикот на моторното возило е должен писмено да го извести друштвото за осигурување со кое склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност за промена на регистарските податоци кои се однесуваат на тоа моторно возило во рок од 15 дена од денот на настанатата промена.

**Минимални суми на осигурување**
**Член 20**

(1) Минималните суми на осигурување на кои може да биде договорено осигурување од автомобилска одговорност пресметани во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата изнесуваат:

1) за штети поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, по штетен настан без оглед на бројот на оштетени лица:
- 200.000 ЕВРА за автобуси и товарни возила,
- 100.000 ЕВРА за други моторни возила и
- 300.000 ЕВРА за моторни возила кои пренесуваат опасни материи и

2) за штети поради уништување или оштетување на предмети, по штетен настан без оглед на бројот на оштетени лица:
- 100.000 ЕВРА за автобуси и товарни возила,
- 50.000 ЕВРА за други моторни возила и
- 150.000 ЕВРА за моторни возила кои пренесуваат опасни материи.

(2) Обврската на друштвото за осигурување која произлегува од осигурувањето од автомобилска одговорност не може да биде поголема од минималните суми на осигурување од ставот (1) на овој член, освен ако со договорот за осигурување не е предвиден повисок износ.
(3) Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

(4) Друштвото за осигурување што исплатило поголем надомест на штета на едно оштетено лице, од оној што му припаѓа со оглед на сразмерното намалување на надоместокот поради тоа што не знаело ниту можело да знае дека постојат и други оштетени лица, има обврска спрема другите оштетни лица само до

висината на износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност.

## 2. Обврски на друштвата за осигурување и учесниците во сообраќајна незгода

### Размена на информации
### Член 21

Во случај на сообраќајна незгода лицата учесници во сообраќајната незгода се должни меѓусебно да разменат податоци од личните документи за идентификација, регистарските податоци за моторното возило и документите од кои може да се види дека склучиле договор за осигурување од автомобилска одговорност согласно со овој закон.

### Известување до сопственото друштво за осигурување
### Член 22

(1) Сопственикот на моторното возило е должен да го извести друштвото за осигурување со кое склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност за настанување на сообраќајната незгода и да достави пополнет Европски извештај за сообраќајна незгода, во рок од 30 дена од денот на настанувањето на незгодата.

(2) Непочитувањето на рокот за известување од ставот (1) на овој член не влијае врз правото на оштетеното лице за надомест на штета.

(3) Доколку сопственикот на моторното возило не постапи согласно со одредбите од ставот (1) на овој член, друштвото за осигурување има право на регрес на сите исплатени средства или настанати трошоци кои не би настанале доколку сопственикот на моторното возило ги почитувал роковите за известување предвидени во ставот (1) на овој член.

### Обврска за доставување информации во врска со сообраќајна незгода
### Член 23

(1) Учесниците во сообраќајната незгода се должни, на барање на одговорното друштво за осигурување, да дадат опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода, а во спротивно се должни да ја надоместат штетата настаната од неизвршување на обврската за известување.

(2) Органот за внатрешни работи, како и другите органи што ја водат постапката за сообраќајните несреќи, се должни на барање на друштвото за осигурување или оштетените лица да дадат податоци за сообраќајната несреќа.

### Право на посредување
### Член 24

(1) Доколку оштетеното лице не е задоволно од надоместот на штета што му го понудило одговорното друштво за осигурување, истото има право да покрене постапка на посредување согласно со прописите кои го уредуваат начинот и постапката на посредување.

(2) Друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување од автомобилска одговорност е должно во договорот за осигурување од автомобилска одговорност да предвиди право на посредување во случај кога оштетеното лице не е задоволно од надоместот на штета што му го понудило одговорното друштво за осигурување.

### 3. Незгоди надвор од територијата на Република Северна Македонија

#### Надомест на штети во странство
#### Член 25

(1) Одговорното друштво за осигурување е должно да ја надомести штетата нанесена со употреба на моторно возило на територијата на земјите членки на Советот на Бироа за зелена карта, во висина определена со прописите на земјата членка во која настанала штетата, но со плаќање на доплатна премија за проширување на осигурителното покритие од членот 20 на овој закон.

(2) Ако најниските осигурени суми во таа земја се пониски од сумите на осигурување од членот 20 на овој закон, одговорното друштво за осигурување е должно да ја надомести штетата на својот осигуреник до висината на сумите на осигурување утврдени во членот 20 од овој закон.

#### Надомест на штети во странство
#### Член 26

(1) Осигурувањето од автомобилска одговорност покрива штети причинети на територија на земји членки на Европската унија без плаќање на доплатна премија.

(2) Одговорното друштво за осигурување е должно да ја надомести штетата нанесена со употреба на моторно возило на територијата на земјите членки на Европска унија, во висина определена со прописите на земјата членка во која настанала штетата.

(3) Ако најниските осигурени суми во таа земја се пониски од сумите на осигурување од членот 20 на овој закон, одговорното друштво за осигурување е должно да ја надомести штетата на својот осигуреник до висината на сумите на осигурување утврдени во членот 20 од овој закон.

#### Овластен претставник за штети
#### Член 27

(1) Друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување од автомобилска одговорност се должни да назначат овластен претставник за штети во земјите членки на Европската унија (во натамошниот текст: овластен претставник за штети).

(2) Овластен претставник за штети од ставот (1) на овој член е лице кое во име и за сметка на друштво за осигурување регистрирано за вршење на работите на осигурување од автомобилска одговорност согласно со овој закон, собира информации, презема потребни мерки за решавање на барањата за надомест на штети и извршува соодветни исплати на барањата за надомест на штети во

државата во која се наоѓа постојаното место на живеење на оштетеното лице, по основ на:

- штети настанати на територија на земја членка на Европската унија која не е земја членка на постојаното место на живеење на оштетеното лице, односно на трети земји чие што национално биро за осигурување е член на системот на зелена карта, без влијание на законодавството што ја регулира граѓанска одговорност и меѓународното приватно право на трети земји и
- штети предизвикани со употреба на моторни возила осигурани во земјите членки на Европската унија и кои потекнуваат од нејзината територија.

(3) Овластениот претставник за штети од ставот (1) на овој член мора да ги има сите потребни овластувања за да го застапува друштвото за осигурување во однос на оштетените лица и државните органи.

(4) Овластениот претставник за штети мора да биде способен да ги обработува барањата за надомест на штета на официјалниот јазик на земјата во која е назначен.

(5) Овластениот претставник за штети може да биде назначен од едно или повеќе друштва за осигурување.

(6) Оштетеното лице, односно неговото друштво за осигурување има право барањето за надомест на штета да го достави и директно до лицето кое ја предизвикало незгодата или одговорното друштво за осигурување.

(7) Правните лица на коишто по основ на закон се пренеле правата на оштетеното лице против лицето кое ја предизвикало незгодата или одговорното друштво за осигурување и правните лица од членот 17 на овој закон немаат право да бараат поврат на надоместот на штета од овластениот претставник за штети.

(8) Друштвото за осигурување е должно преку Информацискиот центар во рамки на Националното биро за осигурување да ги извести информациските центри на другите земји членки на Европската унија во кои има назначено овластен претставник за штети, за името и адресата на овластените претставници кои ги назначиле.

**Време за кое овластениот претставник ја прифаќа или одбива одговорноста**
**Член 28**

Одговорното друштво за осигурување, односно негов овластен претставник за штети е должен во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета од лицето кое претрпело штета:

- да даде понуда за надомест на штета, во случај ако одговорноста не е спорна и штетата била во целост обработена и
- да даде одговор на барањето за надомест на штета во случај одговорноста да е спорна или да не биде точно утврдена, односно доколку штетата не била во целост обработена.

## 4. Незгоди на територија на Република Северна Македонија

### Меѓународна исправа за осигурување од автомобилска одговорност
### Член 29

(1) Лице кое со странско моторно возило влегува на територијата на Република Северна Македонија задолжително мора да поседува важечка меѓународна исправа за осигурување од автомобилска одговорност која важи за територијата на Република Северна Македонија или некој друг доказ за постоењето на такво осигурување што ги покрива штетите најмалку до износот од членот 20 на овој закон.
(2) На граничниот премин при влегување во Република Северна Македонија, надлежниот орган за внатрешни работи контролира дали се исполнети условите од ставот (1) на овој член.

### Доказ за склучен договор за осигурување
### Член 30

(1) Како меѓународни исправи и докази од членот 29 став (1) на овој закон се сметаат оние документи чија важност ја признава Националното биро за осигурување.

(2) Националното биро за осигурување е должно писмено да го извести органот надлежен за внатрешни работи за признавањето на важноста на меѓународните исправи и докази.

### Презентирање на доказ за склучен договор за осигурување
### Член 31

Возачот на странско моторно возило кое има важечка меѓународна исправа за осигурување од автомобилска одговорност - договор за осигурување од автомобилска одговорност е должен да презентира доказ за тој договор на барање на овластено лице.

### Задолжително гранично осигурување
### Член 32

(1) Лицата кои немаат важечка меѓународна исправа или доказ од членот 30 на овој закон се должни на граничниот премин на Република Северна Македонија да склучат договор за осигурување од автомобилска одговорност со друштво за осигурување кое е член на Националното биро за осигурување. Договорот мора да биде склучен за периодот на престој на возилото на територијата на Република Северна Македонија, но не помалку од 15 дена.

(2) Доколку возачот не ја исполни обврската од ставот (1) на овој член, органот за внатрешни работи нема да му дозволи влез во земјата.

### Надомест на штети предизвикани од странски моторни возила
### Член 33

(1) Оштетено лице на кое му е нанесена штета со употреба на странско моторно возило, ако за возилото постои важечка меѓународна исправа или доказ за постоење на осигурување од автомобилска одговорност од членот 31 на овој

закон, може да поднесе барање за надомест на штета до Националното биро за осигурување или директно до друштвата за осигурување - членки на Националното биро.

(2) Обработката и исплатата на барањата за надомест на штета од ставот (1) на овој член, Националното биро за осигурување може да ги отстапи на друштвата за осигурување - членки на Бирото кои вршат осигурување од автомобилска одговорност.

(3) Друштвото за осигурување на кое му е отстапено барањето за надомест на штета е должно истото да го обработи и исплати во согласност со меѓународните договори за осигурување на моторните возила, во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето заедно со потребната документација.

(4) Доколку друштвото за осигурување - членка на Националното биро за осигурување, кое извршило обработка и исплата на барањето за надомест на штета за странско друштво за осигурување врз основа на склучените меѓународни договори не добие поврат на средствата за кои според меѓународните договори има право, на членката на Бирото и се враќаат средствата од Гарантниот фонд согласно со начинот утврден од страна на Националното Биро.

(5) Ако за возило со странска регистрација со договорот за осигурување е договорен повисок износ, Националното биро за осигурување гарантира до висината на осигурителното покритие на странското возило.

**Должност на Националното биро за осигурување за известување**
**Член 34**

Во случај кога Националното биро за осигурување или негова членка добие барање за надомест на штета во согласност со членот 33 од овој закон, Бирото или членката се должни да го извести надлежното биро или членката од земјата во која е регистрирано странското моторно возило, и доколку е познато, да го извести одговорното друштво за осигурување.

## 5. Информациски центар

**Воспоставување на информациски центар**
**Член 35**

Со цел ефикасно решавање на барањата за надомест на штети настанати со употреба на моторни возила, Националното биро за осигурување е должно да воспостави Информациски центар.

**Задачи на информацискиот центар**
**Член 36**

(1) Информацискиот центар од членот 35 на овој закон ги врши следниве работи:
1) собира податоци и води регистар на податоци,
2) ги ажурира податоците од регистарот од точката 1 на овој став и

3) им нуди помош на оштетените лица во прибирањето на податоци од регистарот од точката 1 на овој став и во прибирањето на податоците од регистрите на информациските центри од земјите членки на Европската унија.

(2) Регистарот од ставот (1) точка 1 на овој член содржи податоци за:
1) регистерските ознаки од регистерските таблички, видови, марки, типови, броеви на шасии односно каросерии од возилата, регистрирани во Република Северна Македонија;
2) бројот на полисата за осигурување од автомобилска одговорност за возилата од точката 1 на овој став;
3) датумот на престанување на важноста на договорот за осигурување од автомобилска одговорност;
4) името и седиштето на друштвата за осигурување, коишто вршат работи на задолжително осигурување од автомобилска одговорност;
5) името и презимето, единствениот матичен број, датумот и местото на раѓање, постојаното и привременото место на живеење на осигуреникот;
6) името и/или седиштето на овластени претставници, назначени од друштвата за осигурување на други земји членки на Европската Унија, во Република Северна Македонија,
7) списокот на моторните возила за кои во Република Северна Македонија не важат одредбите од овој закон.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член се собираат од базите на податоци на друштвата за осигурување, како и од евиденцијата на регистрирани возила при органот за внатрешни работи.

(4) Друштвата за осигурување се должни податоците од ставот (2) на овој член да ги доставуваат до Информацискиот центар квартално, во рок од седум дена по завршувањето на кварталот.

(5) На барање на Информацискиот центар податоците од ставот (2) на овој член можат да се добијат и од информациските центри од другите земји членки на Европската Унија.

(6) Податоците од ставот (2) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член се чуваат во Информацискиот центар најмалку седум години по престанокот на регистрацијата на моторното возило или по престанокот на договорот за осигурување.

**Соработка со информациски центри на други земји членки**
**Член 37**

За вршење на работите од член 36 став (1) точка 3 на овој закон, Информацискиот центар соработува со информациските центри на другите земји членки на Европската унија.

**Известување по барање за добивање информации**
**Член 38**

(1) Информацискиот центар е должен на барање на оштетеното лице, во период од седум години од денот на настанување на незгодата, од својот регистар на податоци или од регистарот на податоци на информацискиот центар на друга

земја членка на Европската Унија, веднаш по добивање на барањето да ги достави следниве податоци:

1) име и адресата на друштвото за осигурување со кое лицето кое ја предизвикало незгодата склучило договор за осигурување од автомобилска одговорност;
2) број на полисата за осигурување од точката 1 на овој став и
3) име и адреса на овластениот претставник во Република Северна Македонија назначен од страна на друштво за осигурување на земјата членка на Европската унија со кое лицето кое ја предизвикало незгодата склучило договор за осигурување од автомобилска одговорност;

(2) Информацискиот центар е должен на барање на оштетеното лице да му достави податоци за името и адресата на сопственикот, корисник, односно регистрираниот корисник на моторното возило доколку оштетеното лице докаже дека има правен интерес за стекнување на таквата информација.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член Информацискиот центар ги прибавува од друштво за осигурување или од Министерството за внатрешни работи.

(4) Информацискиот центар е должен на оштетеното лице да му достави и податоци за името на лицето кое управувало со моторното возило кое ја предизвикало штетата, а за кое не се применуваат одредбите од овој закон.

## Служба за надомест на штети

### Формирање на Служба за надомест на штети
### Член 39

(1) Националното Биро за осигурување е должно да формира Служба за надомест на штети за исплата на барањата за надомест на штети од страна на оштетени лица со постојано место на живеење во Република Северна Македонија, во случај кога:

- незгодата настанала во друга земја членка на Европската унија, односно во земја чиешто национално биро за осигурување е член на системот на зелена карта,
- незгодата била предизвикана од моторно возило осигурано во земја членка на Европската унија и кое потекнува од нејзината територија и
- само во исклучителни случаи кога одговорното друштво за осигурување, односно неговиот овластен претставник не ги исполнил своите обврски согласно со овој закон.

(2) Оштетените лица од ставот (1) на овој член можат да поднесат барање за надомест на штета до Службата за надомест на штети доколку:

1) во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета до одговорното друштво за осигурување или до неговиот овластен претставник, одговорното друштво за осигурување или негов овластен претставник не го решиле барањето за надомест на штета на оштетеното лице и

2) одговорното друштво за осигурување не назначило овластен претставник во Република Северна Македонија. Во тој случај оштетеното лице нема право да поднесе барање за надомест на штета до Службата за надомест на штети, доколку барањето за надомест на штета го поднел директно до одговорното друштво за осигурување и доколку во рок од три месеца од денот на поднесувањето на барањето бил даден одговор со образложение од страна на одговорното друштво за осигурување.

**Решавање на барањата за надомест на штета**
**Член 40**

(1) Службата за надомест на штети е должна да постапи по барањето за надомест на штета во рок од два месеца од денот на приемот на барањето.

(2) Службата за надомест на штети ќе ја прекине постапката доколку друштвото за осигурување, или негов овластен претставник даде разумен одговор во однос на барањето за надомест на штета.

(3) За приемот на барањето за надомест на штета, како и за тоа дека ќе преземе соодветни мерки, Службата за надомест на штети е должна во рок не подолг од три дена да ги извести:
- друштвото за осигурување или неговиот овластен претставник,
- службата за надомест на штети во земјата членка на Европската унија каде што е седиштето на друштвото за осигурување и каде што е склучен договорот за осигурување од автомобилска одговорност и
- лицето кое ја предизвикало незгодата, доколку истото е познато.

**Исклучоци од правото на исплата на штета од**
**Службата за надомест на штети**
**Член 41**

(1) Оштетеното лице од членот 39 на овој закон кое покренало судска постапка директно спрема одговорното друштво за осигурување, не може да достави барање за надомест на штета до Службата за надомест на штети.

(2) Правните лица на кои се префрлени правата на оштетеното лице за надомест на штета од лицето кое ја предизвикало незгодата или одговорното друштво за осигурување и правните лица од членот 17 од овој закон немаат право на надомест на штета од Службата за надомест на штети.

(3) Службата за надомест на штети што извршила исплата на барањето за надомест на штета на оштетеното лице од членот 39 од овој закон, има право да бара надомест за износот на исплатената штета од Службата за надомест на штети на земјата членка на Европската унија во која се наоѓа седиштето на друштво за осигурување кое го склучило договорот за осигурување од автомобилска одговорност.

(4) Службата за надомест на штети е должна на Службата за надомест на штети на земја членка на Европската унија да и го надомести исплатениот износ од штета, доколку се работи за обврска од договор за осигурување од автомобилска

одговорност на друштво за осигурување со седиште на територијата на Република Северна Македонија согласно со склучените меѓународни договори.

**Исплата на средства по основ на неидентификувани и неосигурени моторни возила**
**Член 42**

(1) Доколку не е можно да се идентификува возилото кое ја предизвикало штетата, односно доколку во рок од два месеца од денот на настанувањето на незгодата не може да се утврди одговорното друштво за осигурување, оштетеното лице од членот 39 на овој закон може да го поднесе барањето за надомест на штета до Службата за надомест на штети. Службата за надомест на штети што ја надоместила штетата има право на барање за надомест на исплатените износи и трошоци согласно со склучените меѓународни договори:

1) во случај кога не е можно да се утврди одговорното друштво за осигурување, од гарантниот Фонд во земјата членка на Европската унија од каде што потекнува моторното возило;
2) во случај кога не е можно да се идентификува возилото од гарантниот фонд во земјата членка на Европската унија на чија територија се случила незгодата и
3) во случај на возила кои потекнуваат од трети земји од гарантниот фонд во земјата членка на Европската унија каде што се случила незгодата.

**Уплата на средства во Службата за надомест на штети**
**Член 43**

(1) Друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување од автомобилска одговорност се должни да уплатат средства во Службата за надомест на штети, во износ сразмерно на премијата остварена во класата во претходното тромесечие, за тековното тромесечие од тековната година.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член друштвата за осигурување се должни да ги уплатат во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето од страна на Националното Биро за осигурување.

(3) Висината на почетните средства на Службата за надомест на штети се определува со Договорот за основање на Бирото, а понатаму Бирото раководи со средствата во зависност од тековните потреби за што ги известува друштвата за осигурување.

(4) Средствата на Службата за надомест на штети се формираат одвоено од другите средства на Бирото.

**Комисија за осигурување од автомобилска одговорност**

**Формирање на Комисија за осигурување од автомобилска одговорност**
**Член 44**

(1) Владата на Република Северна Македонија формира Комисија за осигурување од автомобилска одговорност (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од три члена и претседател. Претседателот и еден член на Комисијата се именуваат на предлог на Министерството за финансии, еден член се именува на предлог на Агенцијата за супервизија на осигурување и еден член се именува на предлог на Националното биро за осигурување.
(3) Во случај на еднаков број гласови одлучувачки е гласот на претседателот.
(4) На претседателот и членовите на Комисијата од ставот (1) на овој член им следува годишен паричен надоместок во висина на една просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година, објавена од Државниот завод за статистика.

**Надлежности на Комисијата**
**Член 45**

(1) Комисијата изготвува тарифа на премија за осигурување од автомобилска одговорност и и предлага на Владата минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност. Тарифата по нејзино донесување се објавува во “Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Владата на Република Северна Македонија, на предлог од Комисијата, донесува одлука за висината на дополнителната премија за издавање на меѓународни зелени карти.

(3) За целите на изготвување на тарифата на премија од автомобилска одговорност, изготвување на предлог за висината на дополнителната премија за издавање на меѓународни зелени карти и утврдување на критериумите за надомест на штета, Комисијата може по потреба да ангажира актуари, правни и медицински експерти и други стручни лица.

(4) На барање на Комисијата, друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување се должни да и достават осигурителни статистички податоци и други информации потребни за вршење на нејзините надлежности.

**Утврдување на минималната и максималната**
**стапка на техничка премија**
**Член 46**

Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата еднаш годишно ја утврдува минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност.

## IV. ОСИГУРУВАЊЕ НА АВИОПРЕВОЗНИЦИТЕ И ОПЕРАТОРИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА НА ПАТНИЦИ, БАГАЖ, СТВАРИ ИЛИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

**Осигурување од одговорност за штета**
**Член 47**
(1) Осигурувањето од одговорност за штета на авиопревозниците, односно операторите на воздухоплов кои летаат во рамките на, во, од или преку територијата на Република Северна Македонија, обврската за склучување

договор за осигурување, принципите за осигурувањето и минималните суми на осигурување за штета предизвикана на патници, багаж, ствари и/или на трети лица е уредено согласно со одредбите на Регулативата (ЕЗ) 785/2004 од 21 април 2004 година за условите за осигурување на авиопревозници и оператори на воздухоплови изменета со ЕУ Регулативите 1137/2008 и 285/2010 (во натамошниот текст: ЕУ Регулативата 785/2004), која е преземена согласно со Анексот I од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област од 9 јуни 2006 година објавена во („Службен весник на Република Македонија” број 27/2007 и 98/2009).

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член минималните суми на осигурување од одговорност за штета на авиопревозници и оператори на воздухоплови кои не се опфатени со ЕУ Регулативата 785/2004 изнесуваат:

1) за штета предизвикана на патници при некомерцијални операции со воздухоплов со максимална маса при полетување (MTOW) од 2.700 кг или помала изнесува 100.000 СПВ по патник во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата;

2) за штета предизвикана на патници при летање тандем со крила за слободно летање и балони изнесува 10.000 СПВ по патник во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата;

3) за штета што воздухоплов може да ја предизвика на трети лица при летање со крила за слободно летање и воздухоплови без екипаж со максимална маса при полетување (MTOW) од 0.5 кг до 5 кг, или кои летаат со максимална брзина поголема од 19 m/s изнесува 5000 СПВ во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата;

4) за штета што воздухоплов може да ја предизвика на трети лица при летање со едрилици, ултралесни летала, балони, воздухопловни модели над 20 кг и воздухоплови без екипаж со максимална маса при полетување (MTOW) од 5 кг до 20 кг изнесува 8000 СПВ во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и

5) за штета што воздухоплов може да ја предизвика на трети лица при летање со воздухоплови со максимална маса при полетување (MTOW) од 21 кг до 500 кг изнесува 500.000 СПВ во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

**Договор за осигурување**
**Член 48**

(1) Со договорот за осигурување од членот 47 став (1) од овој закон се покриваат:

1) штети поради смрт, телесни повреди или нарушување на здравјето на патниците за време на лет на воздухоплов;

2) штети поради губење или оштетување на рачен багаж, односно лични ствари на патниците во кабината на воздухолов;

3) штети поради губење или оштетување на регистриран багаж и/или ствари во воздухоплов и

4) штети на трети лица во кои спаѓа секое правно или физичко лице кое не е патник или член на екипаж во воздухоплов.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член со договорот за осигурување за воздухоплови кои не се користат за комерцијални цели задолжително се покриваат штетите од ставот (1) точки 1) и 4) на овој член.

(3) Авиопревозник, односно оператор на воздухоплов кој не е од Република Северна Македонија, односно кој не е од земја членка на Мултилатералната

спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (во натамошниот текст: Спогодбата за ЕЗВО), односно чијшто воздухоплов е регистриран надвор од територијата на некоја земја членка на Спогодбата за ЕЗВО и чии летови не вклучуваат слетување или полетување од територијата на Република Северна Македонија туку само врши прелет преку територијата на Република Северна Македонија, со договорот за осигурување е должен да ја покрие одговорноста за штета од ставот (1) точка 4) на овој член.
(4) Во договорот за осигурување од ставот (1) на овој член, треба да бидат наведени осигурените ризици, покритието за секој воздухоплов, како и дека осигурувањето е склучено согласно со ЕУ Регулативата 785/2004.

### Посебни одредби во однос на одговорноста за штета на трети лица
### Член 48-а

(1) Како штета што е предизвикана со употреба на воздухоплов се смета и штетата што на трето лице му е предизвикана со паѓање или исфрлање на предмети од воздухоплов.
(2) Осигурувањето за штета предизвикана на трети лица не се однесува на патниците кои се превезуваат со воздухоплов, како и лицата кои по налог авиопревозникот или за негова сметка го вршат превозот.
(3) Обврската на друштво за осигурување по основ на осигурување од одговорност за штета што воздухоплов може да ја предизвика на трети лица не може да биде повисока од минималните осигурени суми од членот 47 од овој закон, освен ако со договорот за осигурување не е предвиден повисок износ.
(4) Ако износот на кој е договорено осигурувањето не е доволен за надоместување на сите штети предизвикани со ист штетен настан, првенствено се надоместуваат штети на лица. Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од авиоодговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.
(5) Друштвото за осигурување кое на оштетеното лице му исплатило штета во износ повисок од оној на кој лицето има право според пропорционалното намалување на компензацијата, бидејќи друштвото не знаело дека постојат и други лица кои претрпеле штета, има обврска кон другите лица да исплати штета до износот договорен со договорот за задолжително осигурување од одговорност.

## V. ОСИГУРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА БРОДОВИ, ОСНОСНО ЧАМЦИ НА МОТОРЕН ПОГОН ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

### Договор за осигурување на сопственик на брод, односно чамец на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица
### Член 49

(1) Сопственикот, односно корисникот на брод, односно чамец на моторен погон со сила на моторот над 1,125 киловати регистриран за деловни цели, спорт и разонода, впишан во регистарот на бродови и/или регистарот на чамци (во натамошниот текст: бродови и чамци на моторен погон) е должен да склучи договор за осигурување од одговорност за штетите што бродот, односно чамецот на моторен погон може да ги предизвика на трети лица поради смрт, телесна

повреда, нарушување на здравјето, уништување или оштетување на предмети, освен од одговорност за штети на предмети примени на транспорт.
(2) Осигурувањето од ставот (1) на овој член не се однесува на патниците кои се превезуваат со бродот, односно чамецот на моторен погон, како и лицата кои по налог на сопственикот, односно корисникот на бродот, односно чамецот на моторен погон или за негова сметка, работат на извршување на транспортот.

(3) Минималните суми на осигурување на кои може да биде договорено осигурување од одговорност за штета што бродот, односно чамецот на моторен погон може да ја предизвика на трети лица во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата изнесуваат:

| ***Бр.*** | ***Вид на пловен објект*** | ***Суми на осигурување во ЕВРА*** |
|---|---|---|
| *1)* | *чамци, скутери и глисери со сила до 3,75КВ* | *7.500* |
| *2)* | *чамци со сила од 3,75до 11,25 КВ* | *15.000* |
| *3)* | *чамци, јахти и бродови и други бродови и чамци на моторен погон со сила од 11,2 до 37,50 КВ* | *40.000* |
| *4)* | *бродови со над 37,50 КВ* | *100.000* |

(4) Обврската на друштвото за осигурување за надомест на штета по основ на осигурување од одговорност за штета што бродот односно чамецот на моторен погон може да ја предизвика на трети лица не може да биде повисока од минималните осигурени суми од ставот (3) на овој член, освен ако со договорот за осигурување не е предвиден повисок износ.

(5) Ако износот на кој е договорено осигурувањето не е доволен за надоместување на сите штети предизвикани со ист штетен настан, првенствено се надоместуваат штети на лица. Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот на кој е договорено ова осигурување, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

**Странски бродови, односно чамци на моторен погон**
**Член 50**

Странските сопственици на брод, односно чамец на моторен погон се должни да презентираат доказ дека имаат валидна странска полиса за одговорност или да склучат такво осигурување во Република Северна Македонија додека го користат бродот, односно чамецот на моторен погон во водите на Република Северна Македонија.

## VI. НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Формирање на Национално биро за осигурување**
**Член 51**

(1) Друштвата за осигурување со договор основаат Национално биро за осигурување (во натамошниот текст: Биро).

(2) Бирото од ставот (1) на овој член го основаат најмалку две друштва за осигурување кои имаат дозвола за вршење работи на осигурување во класата на осигурување од автомобилска оговорност.

(3) Бирото стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар.

(4) Бирото донесува Статут на кој согласност дава Агенција за супервизија на осигурување.

**Работи на Бирото**
**Член 52**

(1) Бирото ги врши следниве работи:

1) врши работи согласно меѓународните спогодби за осигурување од одговорност на сопствениците и корисниците на моторни возила (зелена карта) и ги претставува друштвата за осигурување пред меѓународните организации на друштвата за осигурување;
2) издава и печати меѓународни зелени карти за потребите на членките;
3) води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоците добиени од друштвата за осигурување согласно статистичките осигурителни стандарди и истите квартално ги објавува на својата веб страна;
4) воспоставува и одржува централен систем за евиденција на полиси и штети од употреба на моторни возила;
5) врши работи кои се од заеднички интерес на друштвата за осигурување, пропишани во Законот за трговските друштва или Статутот на Бирото, како и други работи за кои е овластено од нејзините членови;
6) донесува кодекс на однесување на друштвата за осигурување;
7) соработува со други органи за прашања од областа на осигурувањето;
8) врши и други работи согласно со овој закон.

(2) Податоците потребни за водење на статистичката евиденција од ставот (1) точка 3) од овој член, друштвата за осигурување се должни да ги доставуваат квартално.

(3) Податоците за штети и полиси од ставот (1) точка 4) од овој член, друштвата за осигурување се должни да ги внесуваат во централниот систем паралелно со нивно внесување во интерната евиденција на друштвото.

**План за работа на Бирото**
**Член 53**

(1) Бирото е должно на годишно ниво да изготвува план за работа и истиот да го доставува до Агенција за супервизија на осигурување најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

(2) Планот за работа од ставот (1) на овој член покрај другото содржи проценка на ликвидноста на Бирото, финансиски извори потребни за исполнување на обврските на Бирото, како и начин на управување со средствата на Гарантниот фонд.

**Деловни книги и извештаи на Бирото**
**Член 54**

(1) Бирото е должно да води трговски книги и да изготвува годишни извештаи, да составува сметководствени документи, да ги вреднува ставките во деловните биланси и годишните сметки и да ја известува јавноста на податоците од годишните извештаи согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

(2) Бирото ги води трговските книги и изготвува деловни биланси според контниот план и билансните шеми наменети за друштвата за осигурување.

(3) Бирото е должно да изготвува годишна сметка и годишен извештај за деловната година која е еднаква со календарската година и истата да ја доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување во првите три месеци од тековната година за изминатата година.

(4) Годшниот извештај на Бирото вклучува потврда и мислење од овластен актуар.

**Договор за основање на Бирото**
**Член 55**

(1) Со договорот за основање на Бирото се утврдуваат:
1) работите кои ги врши;
2) начинот на финансирањето;
3) организацијата;
4) управувањето и одлучувањето;
5) општите акти на Бирото;
6) приемот на нови членки;
7) истапувањето и исклучувањето на членките;
8) услови и начинот на формирање на Гарантниот фонд и
9) други прашања од интерес на Бирото и неговите членки.

(2) На договорот од ставот (1) на овој член задолжителна е согласност од Агенција за супервизија на осигурување.

**Исклучување на членка од Бирото**
**Член 56**

(1) Во случај членка на Бирото да не ги исполнува обврските за финансирање и други обврски утврдени со договорот за основање, како и обврски превземени од Бирото со неговото членување во меѓународни асоцијации за осигурување или

утврдени со меѓународни договори, Бирото определува рок за исполнување на истите, кој не може да биде подолг од 30 дена и за тоа го известува Агенција за супервизија на осигурување.

(2) Доколку членка на Бирото не ги исполни обврските во рокот од ставот (1) на овој член Бирото, по претходна согласност од Агенција за супервизија на осигурување, го исклучува друштвото за осигурување од членство во Бирото и го повлекува одобрението друштвото за осигурување да издава зелени карти.

**Супервизија на Бирото**
**Член 57**

Супервизија на работењето на Бирото спроведува Агенција за супервизија на осигурување.

## VII. ГАРАНТЕН ФОНД

**Формирање на Гарантен фонд**
**Член 58**

(1) Националното биро за осигурување е должно да формира Гарантен фонд кој служи за исплата на:

1) штети настанати на територијата на Република Северна Македонија од непознати и неосигурани моторни возила и приколки, неосигурени чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурени воздухоплови;
2) штети настанати на територијата на Република Северна Македонија од превозни средства регистрирани за превоз на патници во јавен сообраќај за кои сопствениците не склучиле договор за осигурување на патници од последици на несреќен случај-незгода;
3) штети од задолжителни осигурувања кои оштетените лица не можат да ги наплатат поради престанок на друштвото за осигурување со кое е склучен договорот за осигурување, при што се исплаќа само оној дел од штетата кој не бил надоместен од стечајната маса на друштвото за осигурување и
4) штети од осигурени моторни возила кои потекнуваат од територијата на Република Северна Македонија за кои согласно со Критскиот договор и други меѓународни договори гарантира Националното биро за осигурување.

(2) Од средствата на Гарантниот фонд не се надоместуваат штети настанати од употреба на неосигурени странски моторни возила што се движат на територијата на Република Северна Македонија, а за кои важат посебни меѓународни договори чиј потписник е Република Северна Македонија.

**Уплата на средства во Гарантниот фонд**
**Член 59**

(1) Друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување се должни да уплатат средства во Гарантниот Фонд кои служат за исплата на штети во случаите наведени во членот 58 став (1) од овој закон, во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тромесечие, за тековното тромесечие од тековната година.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член друштвата за осигурување се должни да ги уплатат во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето од страна на Бирото.

(3) Минималниот износ на средства во Гарантниот фонд го определува Бирото по претходна согласност од Агенција за супервизија на осигурување и истиот не може да биде понизок од 3.000.000 ЕВРА во денарска противвредност за периодот од ставот (1) на овој член.

**Обработка и исплата на штети**
**Член 60**

(1) Обработката и исплатата на штетите од членот 58 на овој закон, Бирото за осигурување може да ја довери на било која членка на Бирото што врши работи на задолжително осигурување и што уплаќа средства во Гарантниот Фонд на Бирото.

(2) Бирото нема право да бара од оштетеното лице доказ дека лицето кое ја причинило штетата не сака или не е во состојба да плати.

(3) Во случај на спор меѓу друштвото за осигурување и Бирото за осигурување за тоа кој има обврска да исплати надомест на штета на оштетеното лице, страната на која прва и е поднесено барањето за надомест на штета има обврска да исплати надомест на штета. Доколку дополнително се утврди дека исплатата на барањето за надомест на штета требало да ја изврши другата страна, страната којашто ја извршило исплатата на оштетеното лице има право да бара поврат на исплатениот износ заедно со камата и трошоци.

(4) Друштвото за осигурување кое извршило обработка и исплата на барањето за надомест на штета од ставот (1) на овој член, има право на поврат на исплатените средства од средствата на Гарантниот фонд.
(5) Во случаи кога лицето не е државјанин на Република Северна Македонија, има право да поднесе барање за надомест на штета според ставот (1) од овој член само доколку е државјанин на држава која на граѓаните на Република Северна Македонија им обезбедила еквивалентни права да бараат надомест во истите околности.

**Право на надоместок**
**Член 61**

(1) Оштетеното лице кое претрпело штета согласно со членот 58 став (1) од овој закон има право да поднесе барање за надомест на штета до Бирото или директно до друштво за осигурување.

(2) Оштетеното лице може да покрене судска постапка против Бирото, односно друштвото за осигурување, ако во рок од три месеца од денот на доставувањето на барањето за надомест на штета, не е платен надоместок.

**Исплата на надоместок на штети по основ на неосигурани превозни средства**
**Член 62**

Доколку штетата е предизвикана од возач на неосигурено моторно возило, неосигурен воздухоплов, неосигурен чамец или брод на моторен погон или пак патник претрпи штета при употреба на неосигурено превозно средство во јавен превоз, Бирото е одговорно за исплата на надоместок на штетата на ист начин како и друштвото за осигурување во случај да бил склучен договор за осигурување, но само до висина на минималните суми на осигурување утврдени со овој закон.

**Исплата на надоместок на штети по основ на неидентификувани моторни возила**
**Член 63**

Доколку штетата е предизвикана од возач на непознато моторно возило, Бирото е одговорно за исплата на надоместок на штета поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, на ист начин како и друштвото за осигурување во случај да бил склучен договор за осигурување, но само до висина на минималните суми на осигурување за други моторни возила утврдени со овој закон.

***Право на регрес***
**Член 64**

Бирото има право на регрес во висина на исплатената штета заедно со камата и трошоци од сопственикот на неосигуреното моторно возило, воздухоплов, пловен објект и сопственик на превозно средство во јавен сообраќај, односно од лицето кое ја предизвикало штетата. Сопственикот, односно лицето кое ја предизвикало штетата се подеднакво одговорни кон Бирото.

**Идентификување на моторното возило**
**Член 65**

Ако се пронајде моторното возило со чија употреба е предизвикана штетата, Бирото кое ја исплатило штетата има право на регрес од друштвото за осигурување со кое сопственикот на моторното возило склучил договор за осигурување од автоодговорност, во висина на исплатениот износ на штета, каматата и трошоците.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Прекршочен орган**
**Член 65-а**

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Порамнување**
**Член 65-б**

(1) Пред поведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени во членовите 66, 66-а и 69 од овој закон, овластеното службено лице во Агенцијата за супервизија на осигурување, на сторителот на прекршокот му дава предлог за

порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува Агенцијата за супервизија на осигурување.
(2) Пред поведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени во членовите 67 и 68 од овој закон, овластеното службено лице во Министерството за внатрешни работи, на сторителот на прекршокот му дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за внатрешни работи.

**Член 66**

(1) Глоба во износ од 6.000 до 8.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:

1) друштво за осигурување ако не склучи договор за задолжително осигурување согласно со членот 3 од овој закон;

2) друштво за осигурување ако не го склучи договорот за осигурување согласно со условите за осигурување и тарифите на премии кои се во сила на денот на склучувањето на договорот за осигурување согласно со членот 3 став (4) од овој закон;

3) одговорно друштво за осигурување или негов овластен претставник ако во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета од лицето кое претрпело штета не дало понуда за надомест на штета, во случај ако одговорноста не е спорна и штетата била во целост обработена, согласно со членот 28 алинеја 1 од овој закон;

4) одговорно друштво за осигурување или негов овластен претставник ако во рок од три месеци од денот на поднесувањето на барањето за надомест на штета од лицето кое претрпело штета не дало одговор на барањето за надомест на штета, во случај одговорноста да е спорна или да не биде точно утврдена, односно доколку штетата не била во целост обработена, согласно со членот 28 алинеја 2 од овој закон;

5) друштво за осигурување ако не уплати средства во Службата за надомест на штети согласно со членот 43 став (1) од овој закон;

6) друштво за осигурување ако примени стапка на премија спротивно на членот 46 од овој закон;

7) друштво за осигурување ако не уплати средства во Гарантниот фонд согласно со членот 59 од овој закон;

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во друштвото за осигурување.
(3) Покрај парична казна за прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член, ќе се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во друштвото за осигурување во траење до 2 години.

**Член 66-а**

(1) Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:

1) друштво за осигурување ако не прибира, обрабо- тува, чува, користи и доставува податоци согласно со членот 7 од овој закон;

2) друштво за осигурување ако не ги достави бараните податоци до Информацискиот центар во предвидениот рок согласно со членот 36 став (4) од овој закон;

2-а) друштвото за осигурување ако не постапи во роковите од членот 5 ставови (2) и (5) од овој закон;

3) друштвото за осигурување ако квартално не ги доставува статистичките податоци до Националното биро за осигурување согласно со членот 52 став (2) од овој закон;

4) друштвото за осигурување ако не внесува податоци во централниот систем за евиденција на штети од употреба на моторни возила согласно со членот 52 став (3) од овој закон и

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за осигурување.

## Член 67

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице доколку:

1) како сопственик на превозно средство не склучи договор за задолжително осигурување согласно со членот 3 став (1) од овој закон и

2) како сопственик на моторно возило не го извести друштвото за осигурување со кое склучило договор за осигурување од автомобилска одговорност за настанување на сообраќајната незгода во предвидениот рок согласно со членот 22 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

## Член 68

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, односно на трговец поединец доколку:

1) како сопственик на превозно средство не склучи договор за задолжително осигурување согласно со членот 3 став (1) од овој закон и

2) сопственик на моторно возило не го извести друштвото за осигурување со кое склучило договор за осигурување од автомобилска одговорност за настану- вање на сообраќајната незгода во предвидениот рок согласно со членот 22 став (1) од овој закон.

## Член 69

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на Националното биро за осигурување:

1) ако не води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоци добиени од друштвата за осигурување согласно со статистичките осигурителни стандарди и истите квартално не ги објавува на својата веб страница согласно со членот 52 став (1) точка 4 од овој закон;

2) ако не воспоставува и одржува централен систем за евиденција на штети од употреба на моторни возила согласно со членот 52 став (1) точка 5 од овој закон;

3) ако не прибира, обработува, чува, користи и доставува податоци согласно со членот 7 од овој закон;

4) ако не изготви план за работа и не го достави до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно со членот 53 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во Националното биро за осигурување.
(3) Покрај глобата за прекршоците од ставот (1) точки 1) и 2) и ставот (2) на овој член, ќе се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на должност на одговорното лице во Националното биро за осигурување во траење до шест месеци.

**Член 70 (Се брише Сл. весник 220/19)**

**Член 70-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## IX. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

**Член 71**

Постојните друштва за осигурување кои имаат дозвола за вршење на работи на осигурување во класите на задолжително осигурување во сообраќајот се должни да ги усогласат условите за осигурување во овие класи, со одредбите од овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 72**

(1) За договори склучени по 1 јануари 2010 година, минималните суми на осигурување од членот 20 став (1) на овој закон се зголемуваат за 50%, а секоја наредна година по 2010 година минималните суми на осигурување се зголемуваат за 50% во однос на минималните суми на осигурување од претходната година.
(2) За договори склучени по 1 јануари 2013 година минималните суми на осигурување не можат да го надминат износот на минималните суми на осигурување за 2012 година.

**Член 73**

Одредбите од членовите 25, 44, 45 и 46 на овој закон ќе се применуваат до денот на стекнувањето на полноправно членство на Република Северна Македонија во Европска унија.

**Член 74**

Одредбите од членовите 26, 27, 28, 39, 40, 41, 42 и 43 на овој закон ќе се применуваат од денот на стекнувањето на полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската унија.

**Член 75**

Националното биро за осигурување е должно да го формира Информацискиот центар од членот 35 на овој закон во рок од три месеца од денот на влегувањето на сила на овој закон.

**Член 76**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон одредбите од Делот петти и членот 122 ставови (1) и (2) и член 123 на Законот за осигурување ("Службен

весник на Република Македонија" број 49/97, 79/99, 13/2001, 26/2001 и 4/2002) и Делот четиринаесетти од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2002, 84/2002, 98/2002 и 33/2004) престануваат да важат.

**Член 77**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ (Сл. весник 81/2008)**
**Член 11**

По исклучок на членот 52 став (1) точка 3 од овој закон, во целиот текст на Законот зборовите „Министерство за финансии" се заменуваат со зборовите „Агенција за супервизија на осигурување".

**Член 12**

До денот на започнување со работа на Агенцијата надлежностите утврдени со овој закон кои се во надлежност на Агенцијата, ги извршува Агенција за супервизија на осигурување.

**Член 13**

До денот на започнување со работа на Агенцијата за супервизија на осигурување прекршочни санкции согласно овој закон изрекува судот.

**Член 14**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ (Сл. весник 220/19)**
**Член 26**

Започнатите постапки по барањата за надоместок на штета до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" број 88/2005, 70/2006, 81/2008, 47/11, 135/11, 112/14 и 145/15).

**Член 27**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Север- на Македонија”.